АФПЗРР АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
## за период 2014-2016 година

Стратешкото планирање е ефикасен и современ начин на управување што ќе помогне да се дефинираат стратегиите за остварување на приоритетите и целите и да се подобри ефикасноста и ефективноста во спроведување на политиките, евалуацијата и транспарентноста.

Денес стратешкото планирање прерасна во алатка која овозможува институцијата да ја оцени сопствената позиција, квалитетот на работа и да ги идентификува предизвиците и сопствените потенцијали.

Стратешкиот план на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за период 2014-2016 година претставува основен план за развој во кој се содржани целите и приоритетите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, дефинирани се програмите за остварување на целите и приоритетите и утврдени се потребните средства за реализација на приоритетите преку буџетскиот процес.

Приоритетите се во насока на остварување на мисијата и визијата на Агенцијата. Со планот се дефинирани роковите за постигнување на напредокот во остварување на целите и се утврдени индикаторите за успешност. При одредување на целите и приоритетите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој се имаа во предвид Стратешките приоритети на Владата во 2014 година, Годишната програма за работа на Владата, Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), Стратешките цели на Националниот координатор за авторизација.

Стратешкиот план за оваа временска рамка се заснова на извршена анализа на претходното работење на Агенцијата и е реален.

Се надевам дека донесувањето на новиот Стратешки план ќе ги поттикне вработените да вложат максмимални напори и ангажман во реализација на зацртаните и усвоени приоритети и цели на Агенцијата.

Тони Димовски

Директор

1.1.

## 1.2. ВОВЕД

Унапредувањето на земјоделството и руралната средина е голем предизвик кој води кон перспективен живот во сите краишта од Република Македонија. Поаѓајќи од цврстата определба за развој на земјоделството и руралната средина, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој континуирано ги реализира Програмите за финансиска поддршка на земјоделството , финансиска поддршка на руралниот развој, финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата и ИПАРД Програмата.

Со објавувањето на одлуката (19.12.2009 година) на Европската комисија за пренесувањето на правото на Република Македонија за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош на Европската унија во областа на рурален развој се потврди спремноста на нашите административни капацитети, стручност и знаење за управување со европските претпристапни фондови во областа на руралниот развој.

Во функција на интензивирање на процесите за постигнување поголема конкурентност преку достигнување на стандардите на ЕУ за квалитет, здравје, безбедност на храната, здравјето на животните и животната средина одржливо управување со природните ресурси и подобрување на условите за живот во руралните средини и руралната економија со објавувањето на јавните повици за мерките (101, 103 и 302) од Програмата за користење на средствата од инструментот за претпристапна помош за рурален развој на европската унија (ИПАРД) за периодот 2007-2013 година, всушност во Република Македонија се нуди финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој според европски терк и европски средства.

# *СТРАТЕШКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ*

## *ЗА ПЕРИОДОТ 2014-2016 ГОДИНА*

| *ВИЗИЈА* |
| --- |
| Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој има за цел да стане основна врска меѓу македонските земјоделци и институциите на македонско и европско ниво, кои преку своите програми го финансираат развојот на тој значаен сектор. |

| *МИСИЈА* |
| --- |
| Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој е одговорна институција за спроведување на мерките за директни плаќања во земјоделството, мерките за рурален развој и реализација на средствата од претпристапната помош на Европската унија за рурален развој, а по влезот на Р.Македонија во ЕУ и мерките на заедничката земјоделска европска полотика. Преку јасни и видливи процедури за работа сакаме на нашите корисници да им дадеме информации за квалитетно и правилно поднесување барања за користење на средстсва од програмите кои Агенцијата ги имплементира.<br>Целта на АФПЗРР е да воспостави ефикасен, ефективен и економичен систем на финансиски менаџмент и внатрешни контроли за имплементација на мерките од ИПАРД програмата и националните програми за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Во контекст на воспоставената мисија, менаџментот ги воспоставува стратешките цели, ја избира стратегијата и ги воспоставува целите на АФПЗРР во согласност со апетитот за ризик на АФПЗРР. |

| *ЗАДАЧИ, ОБВРСКИ И АКТИВНОСТИ* |
|---|
| – извршување на мерките за директни плаќања во земјоделството,<br>– извршување на мерките за рурален развој<br>– реализација на средствата од претпристапната помош на Европската Унија за рурален развој |

| *РЕЗИМЕ НА СПЕЦИФИЧНОСТА ВО ОДНОС НА ДРУГИТЕ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА* |
|---|
| Агенцијата е самостоен орган на државната управа основан со Законот за основање на Агенцијата за финанска поддршка во земјоделството и руралниот развој (“Службен весник на РМ број 72/2007 и 2/2009) кој врши работи што се однесуваат на реализација на програмите на Владата на Република Македонија за поддршка и развој на земјоделството и руралниот развој.<br>Со објавувањето на одлуката (19.12.2009 година) на Европската комисија за пренесувањето на правото на Република Македонија за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош на Европската унија, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и рураниот развој понуди финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој според европски терк и европски средства. |

СТРУКТУРА

-Сектор за внатрешна ревизија

-Сектор за одобрување на проекти

-Сектор за одобрување на плаќања

-Сектор за контрола

-Сектор за општи и правни работи

-Одделение за управување со човечки ресурси

-Сектор за информатичка и комуникациска технологија

-Сектор за финансиски прашања

АФПЗРР

**АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ**



| ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА АГЕНЦИЈАТА |
| --- |
| **1. Реализација на средствата од Буџетот на РМ наменети за директни плаќања (субвенции во земјоделството) и поддршка на руралниот развој, унапредување на рибарството и аквакултурата, исплата на интервенциските мерки во земјоделството** |
| целосна и навремена реализација на средствата наменети за директни плаќања (субвенции во земјоделството) и поддршка на руралниот развој |
| - зајакнување на контролните постапки за административна обработка на барањата |
| - јакнење на административниот капацитет и стручно оспособување и усовршување на кадарот |
| - континуирана надградба на информатичката инфраструктура |
| - информирање на потенцијалните корисници на средства од националните програми и обуки на ПЕ на МЗШВ и АПРЗ |
| **2. Реализација на средствата од претпристапната помош на ЕУ за рурален развој** |
| - обезбедување на ефикасно и ефективно функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД средствата согласно акредитациските критериуми |
| - висок процент на реализиција на средствата наменети од претпристапната за ЕУ |
| - подобрен квалитетот на барањата за користење на средства |
| - ефикасно справување со сите евентуални случаи за нерегуларности |
| - јакнење на административниот капацитет за користење на претпристапните фондови |
| - континуирана надградба на информатичката инфраструктура |
| - информирање на потенцијалните корисници на средства од Агенцијата |

**3. Акредитирање на Агенцијата за користење на средствата од останатите мерки од ИПАРД програмата**

- донесен формален акт за пренесување на правото за управување на Агенцијата за спроведување на мерка 501, Техничка помош од страна на Европската комисија (2013 година).
- донесен формален акт за пренесување на правото за управување на Агенцијата за спроведување на мерките подобрување и развој на руралната инфраструктура 301.
- подготовка на ИПАРД II, новиот програмски период 2014-2020.

## ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2012 ГОДИНА

**1. Акредитација на Агенцијата од страна на Европската комисија за користење на средствата од претпристапната помош на ЕУ за рурален развој**

**Постигнати резултати**

- Во врска со акредитацијата за мерката 501- Техничка поддршка, во текот на месец април 2012 започна ревизија на усогласеноста со акредитациските критериуми за мерка 501, наведени во Анекс I од Секторската спогодба, од страна на надворешната ревизорска куќа избрана на тендер. Првичниот нацрт-извештај беше презентиран во мај, додека финалниот извештај е доставен во месец септември 2012 година.

**2. Зајакнување на административниот капацитет на Агенцијата**

**Постигнати резултати**

- изработена анализа на работна оптовареност за 2013 година со заклучоци за потребниот број на вработувања во Аганцијата по сектори
- вработени 18 нови државни службеници во Агенцијата согласно потребите утврдени во Анализата за работна оптовареност за 2012 година

- Унапредување на 16 постоечки државни службеници
- превземање на 5 државни службеници од Агенцијата за поттикнување на развојот во земјоделството
- обезбедена канцелариска и компјутерска опрема за постоечките и новите вработени
- реализација на обуки согласно годишната програма за обуки за 2012 година
- изработена годишна програма за обуки за 2013 година
- изработена анализа на ризици за работењето на Агенцијата за 2012 година
- извршени внатрешни ревизии на работењето на Агенцијата за 2012 година согласно Годишниот план за ревизија на Агенцијата
- изработен план за примена на насоките од спроведените внатрешни ревизии

**3. Воспоставување на ИКТ систем**

- техничка поддршка на ИАКС софтверското решение
- техничка поддршка на компјутерската опрема за воспоставување на основната инфраструктура на ИКТ системот на Агенцијата (пасивна мрежа, активна мрежа, сервери и друга ИТ опрема)
- техничка поддршка на софтверско решение и документ менаџмент систем за потребите на Секторот за финансии и сметководство согласно ЕУ стандардите (SAP ERP & EMC Documentum)
- поврзување со ИКТ системите на МЗШВ

**4. Информирање на потенцијалните корисници на средства**

- ажурирана и надградена Интернет страницата на Агенцијата
- техничка поддршка на телефонски систем (Call Center) преку кој земјоделците ќе може поблиску да се информираат за текот на своите постапки
- организирани најмалку 7 учества во електронските медиуми

- организирани настапи/појавувања во печатените медиуми
- организирани и спроведени обуки на вработените во подрачните единици на МЗШВ за директни плаќања во земјоделството
- вклученост во информативните настани и обуки за ИПАРД

**5. Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2012 година**

**Постигнати резултати**

- извршена административна обработка на вкупно 122.622 барања и донесени соодветни решенија за одобрување, односно одбивање на барателите и 27.759 барања од тутунопроизводителите.
- извршени контроли на терен на избрани примероци од примените барања за средства.
- исплатени средства на крајните корисници. Заклучно со 10.07.2013 година исплатени се **4.975.744.873,00 ден** ден од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството.

**6. Програма за финансиска поддршка во руралниот развој 2012**

**Постигнати резултати**

Средства предвидени за реализација на финансиската поддршка на руралниот развој за 2012 година беа во износ од 542.913.500,00 денари и беа обезбедени од буџетот на РМ. На предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Владата донесе 4 изменувања и дополнувања на програмата, во функција на прилагодување на условите и критериумите за добивање на средства.

Во текот на 2012 година Агенцијата објави вкупно 4 Јавни повици за доставување на барања за финансиска поддршка.

- примени 1659 барања за користење на средства од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2012 година по објавените јавни повици по мерки
- административна обработка на барањата

- исплатени средства на крајните корисници. Заклучно со 10.07.2013 година исплатени се **65.777.061,00 ден**. од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2012 год.

**7. Програма за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата за 2012 година**

**Постигнати резултати**

Во рамките на Програмата за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата за 2012 година, Агенцијата одобри 42 барања за исплата на средства во износ од 35.338.703,00 денари што претставува 54,78% реализација од предвидените средства со програмата. Заклучно со 10.07.2013 год. исплатени се 14.267.900,00 ден. од Програмата за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата за 2012 год.

**8. ИПАРД Програма 2007-2013**

**Постигнати резултати**

Во текот на 2012 година објавувени се два јавни повици за ИПАРД и тоа во март и октомври 2012 година за трите акредитирани мерки:

- Мерка 101 – Инвестиции во земјоделско стопанство со цел нивно преструктуирање и надградба за постигнување на стандарардите на Европската Унија;
- Мерка 103 – Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување стандардите на Европска Унија;
- Мерка 302 – Диверзификација и развој на рурални економски активности.

Во 2012 година, склучени се 27 договори за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 од јавен повик за ИПАРД 03/2011 објавен 25.10.2011, и тоа за

-мерка 101 25 проекти со кофинансиран износ од околу 146 илјади евра,

-мерка 103 2 одобрени проекти со кофинансиран износ од 117 илјади евра

На 31.03.2012 година објавен е јавен повик бр.01/2012 за доставување на барања за користење средства од ИПАРД.

Пристигнати 67 барања, а одобрени 14 проекти со кои е склучен договор за кофинансирање во висина од околу 323.000 евра.

11 проекти се одобрени за мерка 101 и 3 за мерката 103.

На 29.09.2012 година, објавен е вториот јавен повик за 2012 година.

Пристигнатите 61 барање се во фаза на обработка.

Во 2012 година по сите објавени јавни повици одобри 41 барање за исплата во износ од 1.654.360,24 евра. Во текот на 2012 год. Агенцијата реализираше средства во вкупен износ од 97.476.991,50 ден. (1.584.203,00 евра) кон 41 корисник.

## ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ/ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2013 ГОДИНА

**1. Акредитација на Агенцијата од страна на Европската комисија за користење на средствата од претпристапната помош на ЕУ за рурален развој**

**Постигнати/очекувани резултати**

- Подготвениот пакет за акредитација е доставен до Националниот координатор за акредитација во февруари 2013 година, и по завршување на планираната симулација на целокупниот работен процес, добивање на национална акредитација од страна на НАО, пакетот како финална верзија ќе биде доставен до Брисел.
- Опаративната структура за имплаамантација на ИПАРД Програмата, Телото за управување при МЗШВ и АФПЗРР подготвија Акционен план за акредитација на мерката 301 Подобрување и развој на рурална инфраструктура, кој план ќе биде доставен на одобрување до Владата на РМ во текот на месец април 2013 година. По неговото званично

одобрување, ќе се започне со подготовките за акредитација на мерката 301.

**2. Зајакнување на административниот капацитет на Агенцијата**

**Постигнати/Очекувани резултати**

- Вработување на 18 нови државни службеници согласно потребите утврдени во Анализата за работна оптовареност за 2013 година, (очекуван резултат)
- Унапредување на 6 постоечки државни службеници
- Унапредување на 9 постоечки државни службеници (очекуван резултат)
- превземање на 5 државни службеници од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор (очекуван резултат)
- превземање на 5 државни службеници од МЗШВ (очекуван резултат)
- обезбедена канцелариска опрема за новите вработени (очекуван резултат)
- обезбедени се 77 персонални компјутери и 25 преносни компјутери со лиценциран софтвер
- воспоставена е бесплатна телефонска линија за потребите на барателите на финансиска поддршка
- реализирани обуки согласно годишната програма за обуки за 2013 година
- реализирани обуки преку TAIEX инстументот
- изработена годишна програма за обуки за 2014 година
- изработена Анализа за работна оптовареност за 2014 година
- изработена анализа на ризици за работењето на Агенцијата за 2013 година
- извршени внатрешни ревизии на работењето на Агенцијата за 2013 година Согласно Годишниот план за ревизија на Агенцијата
- изработен план за примена на насоките од спроведените внатрешни ревизии.
- подготовка на Агенцијата за имплементација на систем за управување со квалитет на услуги според МК ЕН ИСО

9001:2008

1. **Воспоставување на ИКТ систем**

**Постигнати резултати**

- Зголемена е информациската безбедност во поврзувањето на ПЕ на МЗШВ со софтверското решение за административна обработка на барањата од Програмата за финансиска поддршка на земјоделството
- техничка поддршка на ИАКС софтверско решение
- техничка поддршка на софтверско решение и документ менаџмент систем за сметководство и финансии согласно стандардите на ЕУ

**Очекувани резултати**

- подготвки за поврзување со ИКТ системите на останатите релевантни институции
- успешна имплементација на софтверско решение за Платежна Агенција во делот за ИПАРД програмата

2. **Информирање на потенцијалните корисници на средства**

**Постигнати/очекувани резултати**

- ажурирана и надградена Интернет страницата на Агенцијата
- воведена бесплатна телефонска линија во (Call Center) преку кој земјоделците ќе може поблиску да се информираат за текот на своите постапки
- организирани најмалку 5 учества во електронските медиуми
- организирани појавувања во печатените медиуми
- организирани и спроведени обуки на вработените во подрачните единици на МЗШВ за директни плаќања во земјоделството
- вклученост во информативните настани и обуки за ИПАРД и националните програми за финансиска поддршка

| |
|---|
| **5. Програма за финансиска поддршка во земјоделството**<br>**Постигнати/очекувани резултати**<br>• број на примени и евидентирани барања<br>• избрани примероци  за контрола на терен од примените барања за средства<br>• исплатени средства по Програмата 2013. Заклучно со 10.07.2013 год. Агенцијата реализираше средства во износ од 1.677.542.998,00 ден. по Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2013 год.<br>• целосна реализација на Програмата за 2013 година |
| **6. Програма за финансиска поддршка на руралниот развој**<br>**Постигнати/Очекувани резултати**<br>• досега се објавени 4 јавен повици за користење на средсва од оваа програма<br>• За мерката 112 доставени се 26 барања, за мерките 321,322,323 каде како корисници се јавуваат единиците на локалната самоуправа примени се вкупно 174 барања за инвестиции. Обработката на барањата е во тек, а склучувањето на договорите се очекува кон крајот на август и почетокот на септември 2013 година.<br>• За мерката 121 јавниот повик е во тек и пријавувањето ќе трае до 30 септември, 2013 односно 31 декември, 2013 година<br>• Објавен јавен повик за дел од мерките во Програмата<br>• одобрени барањата за исплата на средства<br>• Заклучно со 10.07.2013 година исплатени се **27.337.730,00 ден**. од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 год. Исплатата на средства ќе продолжи во наредниот период. |
| **7. Програма за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата**<br>**Постигнати/Очекувани резултати**<br>На 13.07.2013 година објавен е јавен повик 01/2013 за доставување на барања по оваа програма |

- примени барањата за користење на средства
- примени барањата за исплата на средства
- одобрени барањата за исплата на средства
- Заклучно со 10.07.2013 година исплатени се **5.372.000,00 ден**. од Програмата за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата за 2013 год. Исплатата на средства на крајните корисници ќе продолжи во наредниот период

**8. ИПАРД Програма 2007-2013**

**Постигнати/очекувани резултати**

По однос на седмиот јавен повик бр.02/2012 од септември 2012 година по обработка на доставените 61 барање за користење на средства, склучени се 13 договори и тоа за мерката 101 12 договори во износ од околу 84 илјади евра и 1 договор за мерката 103 во износ од 66 илјади евра.

Осмиот Јавен повик за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 кој ги вклучува поволностите од IV-та модификација на програмата беше објавен на 08.07.2013 година и истиот ќе биде отворен заклучно со 22.08.2013 година.

Агенцијата во меѓувреме го достави пакетот со измени на акредитираните процедури согласно IV-та модификација на програмата преку НАО до Европската комисија на одобрување со цел да биде во можност да објави јавен повик за користење на средства согласно изменетата програма. На техничкиот состанок одржан во Брисел на 25.06.2013 година со преставниците на Директоратот за земјоделство при ЕК беше добиено уверување дека акредитацискиот пакет со верзија 2.0 ќе биде одобрен, а ИПАРД структурата може да се подготви и да објави јавен повик во најскоро време. На осмиот јавен повик се очекува зголемен број на апликации пред се поради зголемениот опсег на инвестиции кои се опфатени со измените на програмата, како и поради воведување на базната механизација односно тракторите како прифатлив трошок.

Агенцијата заклучно со 10.07.2013 година, исплати 13 корисници од ИПАРД Програмата во вкупен износ од 7.504.372,00 ден. (121.762,00 евра). Исплатата на средства ќе продолжи во наредниот период за сите корисници кои ќе ги реализираат инвестициите согласно договорот за користење на средства од ИПАРД Програмата.

*ПРОГРАМИ*

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

**1.Образложение:**Програмата произлегува од:

Стратешкиот приоритет на Владата на РМ, согласно Одлуката за стратешки приоритети за 2014 година – Зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење и поддршка во остварувањето на следните цели:-Натамошна поддршка на развојот на земјоделството и развојот на руралните средини

2. **НПАА** (точно идентификувајте го приоритетот на ЕП, Поглавјето, ,секторот и темата од НПАА)

**Поглавје:** **3. Способност да се преземат обврските кои произлегуваат од членството**
**Дел:** **3.11. Земјоделство и рурален развој**
Подрачје 1: Хоризонтални прашања

3. **Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:**

Приоритети и цели на АФПЗРР:

Навремена и целосна реализација на средствата од Буџетот на РМ наменети за директни плаќања (субвенции во земјоделството), поддршка на руралниот развој, унапредување на рибарството и аквакултурата

| **Назив на Програмата** | **Цел на Програмата:** |
|---|---|
| Имплементација на програма за финансиска поддршка во земјоделството | - Навремена и целосна реализација на средствата од Буџетот на Република Македонија наменети за директни плаќања (субвенции) во |

| | |
|---|---|
| | земјоделството |

**Показатели за успех на Програмата:**
-зголемен број на баратели на средства
-помал број одбиени барања
-целосна реализација на средства наменети за субвенции согласно утврдената динамика

**Програмата е вертикална**

**Очекувани резултати (компоненти) од Програмата :**

| | |
|---|---|
| **Потпрограма 1:** Зајакнување на контролните механизми за прием, контрола и исплата на поднесените барања | **Показател за успешност:**<br>Зголемен број на контроли по фази на обработка на барањата<br>Подготвени детални процедури за работа |
| **Потпрограма 2:** Зајакнување на административниот капацитет на Агенцијата | **Показател за успешност:**<br>Број на вработени државни службеници, број на набавена компјутерска и канцелариска опрема и број на обуки на вработените |
| **Потпрограма 3:** Надградба на ИКТ системот | **Показател за успешност:**<br>Имплементирано софтверско решение за поддршка на работните процеси во Агенцијата |
| **Потпрограма 4:** Информирање и обука на потенцијалните корисници на средства | **Показател за успешност:**<br>Реализирани информативни настани и одржани обуки на ПЕ на МЗШВ и АПРЗ |

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА

**Образложение:**Програмата произлегува од:

Стратешкиот приоритет на Владата на РМ, согласно Одлуката за стратешки приоритети за 2014 година – Зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење и поддршка во остварувањето на следните цели:-Натамошна поддршка на развојот на земјоделството и развојот на руралните средини

2. **НПАА** (точно идентификувајте го приоритетот на ЕП, Поглавјето, ,секторот и темата од НПАА)

**Поглавје:** **3. Способност да се преземат обврските кои произлегуваат од членството**
**Дел:** **3.13. РИБАРСТВО**

3. **Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:**

Приоритети и цели на АФПЗРР:

Реализација на средствата од Буџетот на РМ наменети за директни плаќања (субвенции во земјоделството), поддршка на руралниот развој, унапредување на рибарството и аквакултурата

| **Назив на Програмата** | **Цел на Програмата:** |
|---|---|
| Имплементација на програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата | - Реализација на средствата од Буџетот на Република Македонија наменети за ова програма согласно утврдената динамика |

**Показатели за успех на Програмата:**
-зголемен број на баратели на средства
-помал број некомплетни и несоодветни барања
-реализација на средства наменети за програмата согласно утврдената динамика

# ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

**1.Образложение:**Програмата произлегува од:

Стратешкиот приоритет на Владата на РМ, согласно Одлуката за стратешки приоритети за 2014 година – Зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење и поддршка во остварувањето на следните цели:-Натамошна поддршка на развојот на земјоделството и развојот на руралните средини

2. **НПАА** (точно идентификувајте го приоритетот на ЕП, Поглавјето, ,секторот и темата од НПАА)

**Поглавје:** **3. Способност да се преземат обврските кои произлегуваат од членството**
**Дел:** **3.11. Земјоделство и рурален развој**
Подрачје 3: Рурален развој

3. **Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:**

Приоритети и цели на АФПЗРР:

Реализација на средствата од Буџетот на РМ наменети за директни плаќања (субвенции во земјоделството), поддршка на руралниот развој, унапредување на рибарството и аквакултурата

| **Назив на Програмата** | **Цел на Програмата:** |
|---|---|
| Имплементација на програма за финансиска поддршка во руралниот развој | - Целосна реализација на средствата од Буџетот на Република Македонија наменети за финансиска поддршка во руралниот развој |

**Показатели за успех на Програмата:**
-зголемен број на баратели на средства
-целосна реализација на средства наменети за финансиска поддршка во руралниот развој

